20260871322

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 2, член 56 став 1 точка 3, а во врска со членот 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023, 209/2023, 144/25 и 154/25), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 април 2026 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита („Службен весник на РМ“ бр. 42/2012, 176/2013, 47/2014, 7/2016, 122/2016, 14/2018, 129/2018, 160/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 188/2020, 251/2024 и 34/2025), во членот 7-а во ставот 1 по точката се става запирка и се додаваат зборовите „под услов да има евидентирано осигурени лица кај него како избран лекар.“

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-6696/2
1 април 2026 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ирена Петковски, с.р.